





# Дали имате дете кое има дополнителни потреби и кое е запишано или кое треба да го запишете во претшколска установа, во установа за повремен престој на деца или во установа за престој на деца за време на распусти?

На децата со дополнителни потреби понекогаш им треба дополнителна помош кога посетуваат претшколска установа, установа за повремен престој или установа за престој на деца за време на распусти. Како родител, сакате да осигурате вашето дете да биде целосно вклучено во програмата на центарот.

Програмата Supporting Children with Additional Needs - SCAN (Поддршка за деца со дополнителни потреби) ја основа NSW Department of Community Services (Оддел за услуги во заедницата во Нов Јужен Велс). Програмата SCAN им помага на децата со дополнителни потреби да можат подеднакво и целосно да се вклучат во програмата на центарот.

Ако имате дете со дополнителни потреби кое посетува или ќе почне да посетува претшколска установа, установа за повремен престој или установа за престој на деца за време на распусти, тогаш можеби вашето дете ги исполнува условите да добива поддршка преку програмата SCAN.

За да им се помогне на претшколските установи и центрите за дневен престој на деца да ги поддржуваат децата со дополнителни потреби, тие може да добијат финансиска поддршка.

Финансиските средства може да се користат за стручно обучување на персоналот, за вработување на помошен работник, за подобрување на помагалата, или за купување на опрема или книги кои се соодветни за деца со дополнителни потреби.

## Дали моето дете ги исполнува условите да добива поддршка?

Вашето дете може да има право на дополнителна помош ако тоа:

- е од неанглиско говорно потекло
- има проблеми со однесувањето
- е онеспособено.

## Кои установи може да се пријават за финансиска поддршка преку програмата SCAN?

За да ги исполнуваат условите за добивање на финансиска поддршка преку програмата SCAN, установите треба да ги финансира одделот DoCS. Овде може да се вклучат претшколски установи, установи за повремен престој на деца, установи за престој на деца за време на распусти, како и некои места за повремен престој на деца во повеќенаменски центри.







## Како можам да му помогнам на моето дете да добие поддршка преку програмата SCAN?

Зборувајте се директорот или координаторот на центарот кој го посетува вашето дете. Тие, со ваша дозвола, може да поднесат молба за финансиска поддршка преку програмата SCAN.

Ако моментно барате установа за дневен престој или претшколска установа за вашето дете, телефонирајте во Child Care & Family Info Line (Информативна линија за детски градинки и семејства) на (02) 8594 4244 или на 1800 803 820 и замолете ги да ви кажат како се вика претшколската установа, установата за повремен престој на деца или установата за престој на деца за време на распусти, која се наоѓа во вашата локална област и која ја финансира одделот DoCS.

Child Care & Family Info Line исто така ќе може да ви даде информации за други програми, на пример, за Intervention Support Program (Програма за интервенирање и поддршка), која ја спроведува NSW Department of Education and Training (Оддел на Нов Јужен Велс за образование и обучување).

Produced by DoCS Office of Child Care ISBN 0 7310 4317 0 March 2006

## Телефонски броеви за контакт

Информативна линија за детски градинки и семејства (Child Care & Family Info Line)

**(02) 8594 4244**
**или 1800 803 820**

Permission has been obtained for use of the photographs in this brochure

www.community.nsw.gov.au

scan

NSW Department of Community Services

# Поддршка за децата со дополнителни потреби за да добијат повеќе од установата која ја посетуваат

NSW Department of Community Services

**Supporting Children with Additional Needs (SCAN)**

**MACEDONIAN**